РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 02-1838/15
05.05.2026 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# ЗАПИСНИК
## од 15. седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 27.4.2026 година

**Членови на Советот на Агенцијата:** м-р Сашо Стефановски, м-р Зирјета Јајага, м-р Гордана Мајнова, Афрона Врзиволи, Цветанка Миновска и Виктор Павловски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата:** Петар Џуровски (оправдано отсутен – годишен одмор).

На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Вработени од Стручната служба:** м-р Драгица Љубевска, д-р Ивана Стојановска, Магдалена Давидовска-Довлева, Емилија Јаневска, Цветанка Митревска, Весна Симоновска, Маја Дамевска, Сергеј Тодоровски.

**Други присутни: /**

Претседателот на Советот, м-р Сашо Стефановски, ја отвори 15. седница на Советот. Седницата почна во 11:00 часот и се одржа преку видеоконференциска врска.

Предложи точката 9 од Дневниот ред, со наслов „Предлог за изрекување мерка јавна опомена на ЈРП Македонска Радиотелевизија Скопје – Македонска телевизија – Втор програмски сервис (МРТ2), за прекршување на член 48 став 2 од ЗААВМУ, да биде точка 16, додека останатите точки соодветно да се пренумерираат, односно да се поместат за едно место нанапред.

Советот на Агенцијата едногласно го усвои следниот коригиран:

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Усвојување Предлог-записник од 6. Јавна седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 9.4.2026 година.
2. Усвојување Предлог-записник од 14. седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 9.4.2026 година.
3. Предлог-одлука за доделување на дозвола за телевизиско емитување преку јавна електронска комуникациска мрежа што не користи ограничен ресурс на локално ниво.

4. Предлог-одлука за поништување на Одлуката со која се дозволи промена на сопственичката структура на ТРД Радио Ват ДОО Скопје.

5. Барање на согласност за промена или дополнување на повеќе од 20% од програмскиот концепт од дозволата за радио емитување поднесено од РТД Радио Роса-АБ ДООЕЛ СКОПЈЕ, со Предлог-одлука.

6. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на ТРД Компани 21-М ДООЕЛ Скопје, за прекршување на член 50 став 3 од ЗААВМУ и Правилникот за заштита на малолетните лица.

7. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на ТРД Компани 21-М ДООЕЛ Скопје, за прекршување на член 55 став 2 алинеи 2 и 3 од ЗААВМУ.

8. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на ТРД Компани 21-М ДООЕЛ Скопје, за прекршување на член 14 од Законот за медиуми.

9. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на ДМТУ во медиумите и информирањето Нистори ДООЕЛ с.Стримница-Желино, издавач на онлајн медиумот-интернет порталот „Нистори“, за прекршување на член 14 став 1 од Законот за медиуми.

10. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на ДИТКУ ДМС Комуникација ДООЕЛ Скопје, издавач на онлајн медиумот-интернет порталот „Скопје Инфо“, за прекршување на член 14 став 1 од Законот за медиуми.

11. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на ДМТУ Н&М Медиа Група ДООЕЛ Скопје, издавач на онлајн медиумот-интернет порталот „Национал“, за прекршување на член 14 став 1 од Законот за медиуми.

12. Предлог за давање одобрување за донесување одлука за уплата на средства за пристап до Интернет дистрибутивниот систем на Централниот регистар

13. Предлог за давање одобрување за донесување на одлука за набавка на услуга со проценета вредност под вредносните прагови за примена на Законот за јавните набавки-занаетчиски услуги.

14. Предлог за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка за следниот предмет на јавна набавка-услуга: одржување на софтверот за системот за мониторирање на радио и тв сервиси и надзор на ОЈЕКМ.

15. Предлог за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка за следниот предмет на јавна набавка-услуга: одржување на хигиена во деловните простории на Агенцијата.

16. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на ЈРП Македонска Радиотелевизија Скопје – Македонска телевизија – Втор програмски сервис (МРТ2), за прекршување на член 48 став 2 од ЗААВМУ.

17. Разно

**Точка 1**

Советот го разгледа и едногласно го усвои предложениот записник од 6. Јавна седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 9.4.2026 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Советот го разгледа и едногласно го усвои предложениот записник од 14. седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 9.4.2026 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 3**

Раководителката на Секторот за правни работи и јавни набавки, Цветанка Митревска, појасни дека до Агенцијата, на 27 февруари 2026 година, е доставено Барање за доделување дозвола за телевизиско емитување на програмски сервис со претежно забавен општ формат, на македонски јазик, на локално ниво, на подрачјето на Општина Прилеп. По приемот на Барањето, сите сектори од Стручната служба на Агенцијата пристапиле кон негово разгледување, при што било констатирано дека истото е уредно пополнето, целосно и ја содржи целокупната документација утврдена во член 76 ставови 3 и 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Врз основа на извршената анализа на доставената документација, како и на дополнителните проверки во однос на евентуална поврзаност на субјекти и сопственичката структура во медиумите, било утврдено дека Барањето е уредно, поради што директорот до Советот поднел предлог за донесување одлука за доделување дозвола за телевизиско емитување преку јавна електронска комуникациска мрежа што не користи ограничен ресурс, на локално ниво.

Советничката Афрона Врзиволи постави прашање во врска со Точка 8 од Програмскиот концепт за телевизискиот програмски сервис, односно дека во делот кој се однесува на застапеноста на европски аудиовизуелни дела не е наведен одговор, иако, како што посочи, ѝ е познато дека не постои обврска.

Раководителката на Секторот за програмски работи, м-р Емилија Јаневска, појасни дека ова прашање не е релевантно за радиодифузер на локално ниво, поради што не е даден одговор во Барањето.

Советничката Врзиволи дополнително праша дали во тој дел треба да се наведе одговор „не“.

Емилија Јаневска одговори дека формално би требало да биде означено, но дека радиодифузерот не пополнил ништо, при што нагласи дека тоа не претставува проблем, имајќи предвид дека обврската за емитување европски аудиовизуелни дела се однесува исклучиво на радиодифузери на државно ниво.

Советот на Агенцијата едногласно донесе Одлука за доделување дозвола за телевизиско емитување на програмски сервис со претежно забавен општ формат, на македонски јазик, на локално ниво, на подрачјето на општина Прилеп, општина Долнени и општина Кривогаштани, на физичкото лице Петар Георгиески од Прилеп.

Телевизискиот програмски сервис ќе се емитува преку јавна електронска комуникациска мрежа што не користи ограничен ресурс.

Дозволата за телевизиско емитување преку јавна електронска комуникациска мрежа што не користи ограничен ресурс се доделува за временски период од 9 (девет) години.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот е задолжен горенаведената Одлука да ја објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 4**

Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, појасни дека Советот на Агенцијата претходно дозволил промена на сопственичката структура, но дека новиот сопственик на радиодифузерот ТРД Радио ВАТ ДОО Скопје не успеал во законскиот рок од 90 дена да изврши упис во Централниот регистар. Притоа, истакна дека, согласно остварената комуникација со новиот сопственик, причините за неспроведување на уписот не произлегуваат од негова вина, туку од наследени состојби од претходниот сопственик, кои треба да се расчистат со Министерството за финансии и Управата за јавни приходи.

Директорот нагласи дека, имајќи предвид дека Законот не предвидува можност за продолжување на рокот од 90 дена утврден за спроведување на промената во Централниот регистар, се предлага Советот да донесе одлука со која претходно дозволената промена на сопственичката структура ќе се поништи. Дополнително појасни дека новиот сопственик, по расчистување на обврските кои произлегуваат од претходната состојба, ќе може повторно да поднесе барање за промена на сопственичката структура.

Советничката м-р Зирјета Јајага праша дали, по отстранување на сите пречки и расчистување на состојбите поврзани со претходниот сопственик, ова прашање повторно ќе може да се стави на дневен ред.

Директорот Трајчевски одговори дека во таков случај новиот сопственик ќе треба да поднесе ново барање за промена на сопственичката структура, кое повторно ќе биде предмет на разгледување од страна на Советот.

Советот на Агенцијата едногласно донесе Одлука со која се поништува во целост Одлуката на Советот на Агенцијата УП1 бр.02-364 од 15.1.2026 година, со која се дозволува промена на сопственичката структура на Трговското радиодифузно друштво Радио Ват ДОО Скопје.

Одлуката со која се поништува во целост Одлуката на Советот на Агенцијата УП1 бр.02-364 од 15.1.2026 година, со која се дозволува промена на сопственичката структура на Трговското радиодифузно друштво Радио Ват ДОО Скопје, е конечна и влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

Да се известат Централниот регистар и Трговското радиодифузно друштво Радио Ват ДОО Скопје дека, согласно Заклучокот на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Одлуката УП1 бр.02-364 од 15.1.2026 година се поништува, бидејќи промената на сопственичката структура не е спроведена во законскиот рок од 90 дена од денот на донесувањето на Одлуката.

Се задолжува Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот горенаведената Одлука да ја објави на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Точка 5**

Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, истакна дека во изминатиот период, односно во текот на последната година од мандатот на актуелниот состав на Советот, се евидентирани случаи на враќање на дозволите за емитување од страна на повеќе радиодифузери, особено локални телевизии и радија, пред сè поради економска неодржливост и неможност за опстанок на пазарот. Како пример го наведе и последниот случај со радиодифузер од Охрид. Во таа насока, информираше дека сопственикот на конкретниот радиодифузер поднел барање за измена на програмскиот концепт, со цел премин од претежно фолк, односно народна музика, кон програмски формат со доминантна забавна музика. Како што посочи, барањето е образложено со намера за подобрување на економската одржливост на медиумот, преку обезбедување поголем обем на реклами и избегнување на евентуално затворање. Директорот нагласи дека Советот на Агенцијата има законска можност да одобри ваква промена на програмскиот концепт и оцени дека е оправдано на радиодифузерите да им се овозможи флексибилност во определувањето на програмската структура, со цел полесно прилагодување на пазарните услови и задоволување на потребите на публиката. Дополнително истакна дека ваквиот пристап има значење и од аспект на одржување на финансиската стабилност на Агенцијата, имајќи предвид дека радиодифузерите редовно плаќаат надоместоци, што придонесува за нејзиното финансиски независно функционирање.

Советот на Агенцијата едногласно го усвои Барањето на согласност за промена или дополнување на повеќе од 20% од програмскиот концепт од дозволата за радио емитување поднесено од РТД Радио Роса-АБ ДООЕЛ Скопје и донесе Одлука со која се дава согласност за промена и дополнување на повеќе од 20% од програмскиот концепт од дозволата за радио емитување, Уп1 бр.08-74 од 7.9.2023г. на РТД Радио Роса-АБ ДООЕЛ Скопје, во делот што се однесува на:

- Структурата на емитуваната музика по жанрови односно наместо 100% македонска и жанровски различна народна музика, да емитува 90% жанровски различна забавна музика и 10% жанровски различна народна музика, и на
- Структурата на музиката по јазик, односно наместо 100% на македонски јазик, структурата на музиката да биде 87% на англиски јазик, 8% на македонски јазик и 5% на други јазици.

Одлуката со која се дава согласност за промена и дополнување на повеќе од 20% од програмскиот концепт од дозволата за радио емитување влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

Се задолжува Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, Одлуката со која се дава согласност за промена и дополнување на повеќе од 20% од програмскиот концепт од дозволата за радио емитување да ја објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 6, 7 и 8**

Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, појасни дека точките 6, 7 и 8 од Дневниот ред се однесуваат на ист радиодифузер, при што две точки произлегуваат од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, а една од Законот за медиуми. Во

таа насока, предложи Емилија да даде појаснување по однос на сите три точки, по што Советот ќе отвори посебна дискусија и ќе пристапи кон одделно гласање по секоја точка.

Раководителката на Секторот за програмски работи, м-р Емилија Јаневска, појасни дека трите прекршувања кај ТРД ТВ Компани 21-М се констатирани при редовниот надзор реализиран на почетокот на март 2026 година.

Прекршувањето на член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на член 16 од Правилникот за заштита на малолетните лица се однесува на почитувањето на временските термини за емитување на одредени категории програма. Кај радиодифузерот е констатирано дека игран филм, соодветно означен со предупредувачка сигнализација како програма од трета категорија, е емитуван во несоодветен временски период, односно околу 9:00 часот наутро, иако согласно Правилникот ваквата програма може да се емитува исклучиво во периодот од 20:00 до 05:00 часот. Поради наведеното, се предлага изрекување мерка јавна опомена, со рок за усогласување од 20 дена од денот на приемот на решението, по што ќе биде спроведен контролен надзор.

Второто прекршување е за членот 55 став 2 алинеи 2 и 3 од Законот, односно се однесува на правилата за користење на комерцијалната комуникација, односно пласирање производи. Конкретно, на барањата програмите во кои што има пласирани производи да не поттикнуваат директно купување или изнајмување на стоки и услуги особено преку нивно промотивно препорачување и да не му се придава претерана важност на производот или услугата за која станува збор. Во конкретниов случај, констатирано е дека во две репризни изданија на емисијата „Pastel“ е извршено промотивно препорачување и е дадена претерана важност на производи од „Зегин“, особено на пастилите „Flavo-Zinc“, што е спротивно на законските одредби кои забрануваат директно поттикнување на купување или изнајмување на стоки и услуги. За радиодифузерот и за ова констатирано прекршување се предлага изрекување мерка јавна опомена, исто така и за ова прекршување, согласно Упатството за рокот за усогласување е 20 дена од денот на приемот на решението, а потоа да се изврши контролен надзор за да се провери дали ќе постапи по изречената мерка.

И последното прекршување е на административните обврски од Законот за медиуми, односно на обврската во секоја емитувана програма да се објават податоците за импресум. Денот кога е направен надзорот, во две изданија на емисијата „Pastel“ не се објавени податоците за импресум. Од овие причини, се предлага и за ова прекршување да се изрече мерка јавна опомена со рок на усогласување од 20 дена, а потоа да се изврши контролен надзор.

Советничката Афрона Врзиволи постави прашање до раководителката на Секторот за програмски работи, м-р Емилија Јаневска, дали по извршениот надзор на почетокот на март, од страна на радиодифузерот е доставено образложение до Агенцијата, односно дали постои законска обврска за доставување на изјаснување.

Раководителката Јаневска појасни дека, по констатирање на какво било прекршување, Агенцијата, согласно законските одредби, доставува барање до радиодифузерот за изјаснување по однос на констатираните прекршувања, при што во прилог се доставува и Извештајот од извршениот надзор. Дополни дека радиодифузерите имаат можност, а не обврска, во рок од 7 работни дена да достават

изјаснување. Во конкретниот случај, информираше дека од радиодифузерот не е пристигнато никакво образложение или изјаснување.

Советничката Цветанка Миновска побара дополнително појаснување дали непостапувањето се однесува на сите три констатирани прекршувања, на што раководителката Јаневска одговори потврдно, односно дека за ниту едно од прекршувањата не е доставено изјаснување.

Заменик-претседателката на Советот, м-р Зирјета Јајага, постави прашање во однос на критериумите за утврдување „прекумерно“ истакнување на производ, конкретно дали постои правилник што прецизно ги дефинира поимите прекумерно, умерено или слично.

Раководителката Јаневска појасни дека постои Упатство за употреба на комерцијалната комуникација за пласирање производи, при што во Точка 24 е утврдено дека оценката дали постои директно поттикнување или прекумерно истакнување на производ или услуга се врши од случај до случај, врз основа на повеќе критериуми. Како релевантни критериуми ги наведе карактеристиките на пласирањето (вклучително просторот што му е отстапен на производот на екранот или во студиото), траењето и зачестеноста на споменувањето или прикажувањето, целисходноста и оправданоста од аспект на уредувачкиот концепт на програмата, како и јазикот и визуелните средства што се користат. Посочи дека, во конкретниот случај, прекумерното истакнување е утврдено врз основа на целокупниот контекст, односно и преку вербалното изразување на водителите и преку визуелната презентација на производите од спонзорот „Зегин“.

Советничката Врзиволи постави дополнително прашање дали во Упатството е утврден временски праг (во секунди) по кој може да се оцени дека станува збор за прекумерно рекламирање.

Раководителката Јаневска одговори дека не постои прецизно утврден временски праг, туку дека сите релевантни елементи се оценуваат како целина, со цел да се утврди дали постои прекумерно истакнување.

Во однос на конкретниот пример, советничката Врзиволи посочи дека изјавата на водителката траела околу 40 секунди, прашувајќи дали тоа се смета за прекумерно.

Раководителката Јаневска појасни дека при оценувањето е земен предвид целиот контекст на емисијата, а не само времетраењето на изјавата, односно дека и визуелниот и вербалниот аспект на содржината придонеле кон утврдувањето на прекумерното истакнување, при што во Упатството не е пропишано конкретно времетраење како критериум.

*<u>Гласање по Точка 6</u>*

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен програмски надзор, бр.10-1233/1 од 19.3.2026 година и едногласно заклучи на ТРД Компани 21-М ДООЕЛ Скопје, да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и член 16 од Правилникот за заштита на малолетните лица, бидејќи на 3 март 2026 година, емитувал игран филм „G.I. Jane (XHI-AJ XHEJN) означен како програма од трета категорија (12+), во несоодветен временски период од денонокието.

Во согласност со точка 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (пречистен текст бр.01-4241/1 од 1.10.2025 година), му се наложува на ТРД Компани 21-М ДООЕЛ Скопје, во рок од 20 дена од денот на приемот на Решението за преземање мерка опомена, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Правилникот за заштита на малолетните лица.

Секторот за правни работи и јавни набавки да изготви Решение за изрекување мерка јавна опомена на наведениот субјект на надзор.

Секторот за програмски работи да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот постапил по изречената мерка јавна опомена (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на Советот на Агенцијата.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, Решението да го објави на веб страницата на Агенцијата.

*<u>Гласање по Точка 7</u>*

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен програмски надзор, бр.10-1232/3 од 3.4.2026 година и едногласно заклучи на ТРД Компани 21-М ДООЕЛ Скопје, да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 55 став 2 алинеи 2 и 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, бидејќи на 3 март 2026 година, во репризните изданија на говорната-шоу програма „Pastel", промотивно се препорачуваа и им беше придадена претерана важност (истакнување или упатување) на производи на „Зегин".

Во согласност со точка 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (пречистен текст бр.01-4241/1 од 1.10.2025 година), му се наложува на ТРД Компани 21-М ДООЕЛ Скопје, во рок од 20 дена од денот на приемот на Решението за преземање мерка опомена, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Секторот за правни работи и јавни набавки да изготви Решение за изрекување мерка јавна опомена на наведениот субјект на надзор.

Секторот за програмски работи да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот постапил по изречената мерка јавна опомена (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на Советот на Агенцијата.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, Решението да го објави на веб страницата на Агенцијата.

*<u>Гласање по Точка 8</u>*

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен административен надзор, бр.10-1231/1 од 19.3.2026 година и едногласно заклучи на ТРД Компани 21-М ДООЕЛ Скопје, да му изрече мерка јавна опомена за прекршување

на член 14 од Законот за медиуми, бидејќи на 3 март 2026 година, во две репризни изданија од говорната-шоу програма „Pastel", не ги објави податоците што е должен да ги емитува на соодветно место за секоја содржина од програмскиот сервис.

Во согласност со точка 7 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (пречистен текст бр.01-4241/1 од 1.10.2025 година), му се наложува, во рок од 20 дена од денот на приемот на Решението за преземање мерка опомена, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за медиуми.

Секторот за правни работи и јавни набавки да изготви Решение за изрекување мерка јавна опомена на наведениот субјект на надзор.

Секторот за програмски работи да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот постапил по изречената мерка јавна опомена (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на Советот на Агенцијата.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, Решението да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 9**

Раководителката на Секторот за стратешко планирање и заштита на авторските права, Магдалена Д. Довлева, појасни дека сите три субјекти на кои се однесуваат констатираните наоди се издавачи на онлајн медиуми, односно интернет портали. Истакна дека станува збор за обврската утврдена во член 14 од Законот за медиуми, која се однесува на објавување на импресум.

Во однос на издавачот на онлајн медиумот-интернет портал „Нистори" (www.nistori.mk), информираше дека при извршениот надзор е констатирано дека постои импресум, но истиот не ги содржел сите податоци пропишани со Законот за медиуми. Согласно законските обврски, до издавачот бил доставен писмен извештај со барање за изјаснување. Појасни дека од нив не било доставено писмено известување, меѓутоа веднаш по приемот на извештајот бил извршена корекција на импресумот, кој сега ги содржи сите законски пропишани податоци.

Сепак, нагласи дека констатацијата од извршениот надзор останува, поради што се предлага изрекување мерка јавна опомена за утврденото прекршување во моментот на спроведување на надзорот во февруари. Дополнително истакна дека, доколку не дојде до нови измени во импресумот, со контролниот надзор ќе биде констатирано дека прекршувањето е отстрането.

Советничката м-р Зирјета Јајага, осврнувајќи се на изнесеното, побара појаснување дали е неопходно да се изрече мерка јавна опомена во ситуација кога утврдените недостатоци веќе се отстранети, односно кога издавачот постапил по укажувањата на Агенцијата.

Раководителката Довлева одговори дека мерката мора да се изрече, имајќи предвид дека во моментот на вршење на надзорот прекршувањето било констатирано, а неговото отстранување е извршено дополнително, по спроведениот надзор.

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен административен надзор, бр.03-777/1 од 27.2.2026 година и едногласно заклучи на

Друштвото за маркетинг, трговија и услуги во медиумите и информирањето Нистори ДООЕЛ с.Стримница-Желино, издавач на онлајн медиумот-интернет портал „Нистори“ (www.nistori.mk), да му изрече мерка јавна опомена поради неисполнување на обврската од член 14 став 1 од Законот за медиуми, односно не ги објавило податоците за: називот и адресата на седиштето и уредништвото на издавачот на медиумот, името на одговорното лице на издавачот на медиумот, името и презимето на одговорниот уредник, односно уредниците во согласност со внатрешната организација на уредништвото.

Во согласност со Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (пречистен текст бр.01-4241/1 од 1.10.2025 година), му се наложува на Друштвото за маркетинг, трговија и услуги во медиумите и информирањето Нистори ДООЕЛ с.Стримница-Желино, издавач на онлајн медиумот-интернет портал „Нистори“ (www.nistori.mk), во рок од 20 дена од денот на приемот на Решението за преземање мерка опомена, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за медиуми.

Секторот за правни работи и јавни набавки да изготви Решение за изрекување мерка јавна опомена на наведениот субјект на надзор.

Секторот за стратешко планирање и заштита на авторски права да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот постапил по изречената мерка јавна опомена (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на Советот на Агенцијата.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, Решението да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 10**

Раководителката на Секторот за стратешко планирање и заштита на авторските права, Магдалена Д. Довлева, информираше дека и кај издавачот на онлајн медиумот-интернет портал „Скопје Инфо“ (www.skopjeinfo.mk), Друштвото за информатички, технички и консултантски услуги ДМС Комуникација ДООЕЛ Скопје е констатирано дека импресумот не ги содржи сите податоци утврдени со Законот за медиуми. По спроведениот надзор, до издавачот бил доставен писмен извештај со барање за изјаснување, за што постои доказ за уредна достава. Посочи дека издавачот не доставил изјаснување, ниту пак, за разлика од претходниот случај, пристапил кон корекција на импресумот. Дополнително, биле направени обиди за телефонски контакт, но без резултат, при што до денот на одржување на седницата не е констатирана никаква промена. Согласно наведеното, по изрекувањето на мерката јавна опомена и по приемот на решението, издавачот ќе има обврска да го усогласи импресумот со законските одредби. По истекот на утврдениот рок, ќе се спроведе контролен надзор, со цел да се утврди дали прекршувањето е отстрането.

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен административен надзор, бр.03-778/1 од 27.2.2026 година и едногласно заклучи на Друштвото за информатички, технички и консултантски услуги ДМС Комуникација ДООЕЛ Скопје, издавач на онлајн медиумот-интернет портал „Скопје Инфо“ (www.skopjeinfo.mk), да му изрече мерка јавна опомена поради нецелосно исполнување на обврската од член 14 став 1 од Законот за медиуми, односно не ги објавило

податоците за: името на одговорното лице на издавачот на медиумот, името и презимето на одговорниот уредник, односно уредниците во согласност со внатрешната организација на уредништвото.

Во согласност со Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (пречистен текст бр.01-4241/1 од 1.10.2025 година), му се наложува на Друштвото за информатички, технички и консултантски услуги ДМС Комуникација ДООЕЛ Скопје, издавач на онлајн медиумот-интернет портал „Скопје Инфо“ (www.skopjeinfo.mk), во рок од 20 дена од денот на приемот на Решението за преземање мерка опомена, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за медиуми.

Секторот за правни работи и јавни набавки да изготви Решение за изрекување мерка јавна опомена на наведениот субјект на надзор.

Секторот за стратешко планирање и заштита на авторски права да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот постапил по изречената мерка јавна опомена (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на Советот на Агенцијата.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, Решението да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 11**

Раководителката на Секторот за стратешко планирање и заштита на авторските права, Магдалена Д. Довлева, информираше дека издавачот на онлајн медиумот-интернет портал „Национал“ (www.nacionalno.mk), Друштвото за медиуми, трговија и услуги H&M Медиа Група ДООЕЛ Скопје бил контактиран и дека во меѓувреме извршил корекции на импресумот. Сепак, нагласи дека при надзорот спроведен на 27 февруари е констатирано прекршување, поради што останува основот за постапување. Во таа насока, предложи, согласно Законот за медиуми, да се изрече мерка јавна опомена.

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен административен надзор, бр.03-779/1 од 27.2.2026 година и едногласно заклучи на Друштвото за медиуми, трговија и услуги H&M Медиа Група ДООЕЛ Скопје, издавач на онлајн медиумот-интернет портал „Национал“ (www.nacionalno.mk), да му изрече мерка јавна опомена поради нецелосно исполнување на обврската од член 14 став 1 од Законот за медиуми, односно не ги објавило податоците за: адресата на седиштето на издавачот на медиумот и името на одговорното лице на издавачот на медиумот.

Во согласност со Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (пречистен текст бр.01-4241/1 од 1.10.2025 година), му се наложува на Друштвото за медиуми, трговија и услуги H&M Медиа Група ДООЕЛ Скопје, издавач на онлајн медиумот-интернет портал „Национал“ (www.nacionalno.mk), во рок од 20 дена од денот на приемот на Решението за преземање мерка опомена, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за медиуми.

Секторот за правни работи и јавни набавки да изготви Решение за изрекување мерка јавна опомена на наведениот субјект на надзор.

Секторот за стратешко планирање и заштита на авторски права да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот постапил по изречената мерка јавна опомена (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на Советот на Агенцијата.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, Решението да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 12**

Раководителката на Секторот за стратешко планирање и заштита на авторските права, Магдалена Д. Довлева, појасни дека станува збор за обезбедување средства за користење на услугата интернет-дистрибутивен систем на Централниот регистар. Истакна дека оваа услуга Агенцијата ја користи повеќе години врз основа на склучен договор со Централниот регистар и дека истата функционира на принцип на припејд, односно со претходна уплата на одреден износ на средства, при што за секоја искористена услуга се намалува расположливиот износ. Дополни дека во моментот постои потреба од дополнителна уплата со цел да се обезбеди непречено функционирање на работењето на Агенцијата. Предложениот износ за уплата изнесува 50.000,00 денари, при што информираше дека во јануари 2025 година биле уплатени 40.000,00 денари, со кои средствата се користеле речиси во текот на целата година. Наведе дека средствата за оваа намена се предвидени во Финансискиот план на Агенцијата за 2026 година.

Претседателот на Советот, м-р Сашо Стефановски, праша дали станува збор за уплата која се врши еднаш годишно или истата зависи од обемот на користење на услугите.

Раководителката Довлева појасни дека уплатата зависи од потрошувачката, односно дека кога средствата ќе се исцрпат или ќе се намалат до одредено ниво, се врши нова уплата.

Претседателот Стефановски дополнително праша дали претходната уплата се однесува на тековната година, на што раководителката Довлева појасни дека станува збор за уплата извршена во јануари 2025 година.

Советничката Цветанка Миновска побара подетално образложение во однос на конкретната намена на средствата, односно за кои услуги се користи интернет-дистрибутивниот систем на Централниот регистар.

Раководителката Довлева објасни дека преку овој систем најчесто се обезбедуваат тековни состојби за радиодифузери и издавачи на медиуми, при што секоја таква услуга се наплатува. Посочи дека системот се користи и при постапки за промена на сопственичка структура, кога е потребно да се утврди поврзаноста на новиот сопственик со други трговски друштва, како и при постапки за доделување дозволи, кога се вршат проверки за основачката структура. Дополнително, системот се користи и во прекршочни постапки, како и за други потреби на Агенцијата за обезбедување релевантни податоци.

Советничката Афрона Врзиволи постави прашање дали средствата од претходната уплата од 40.000,00 денари се целосно исцрпени.

Раководителката Довлева одговори дека средствата не се целосно искористени и дека, според нејзина проценка, во моментот преостануваат околу 4.000,00 денари, со напомена дека износот е приближен.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување директорот на Агенцијата да донесе Одлука за уплата на средства заради овозможување пристап на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги до податоците на Интернет дистрибутивниот центар на Централниот регистар на РСМ, во износ од 50.000,00 денари, со што ќе се создадат услови за тековно исполнување на обврските кои за Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги се предвидени во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и во Законот за медиуми.

**Точка 13**

Помошник-раководителката на Секторот за финансии и логистика, Весна Симоновска, го образложи предлогот за давање одобрување за донесување одлука за набавка на услуга – занаетчиски услуги, со вредност под праговите за примена на Законот за јавни набавки. Појасни дека потребата за оваа набавка произлегува од настанат дефект во една од канцелариите, како и од потребата за замена на механизми на влезни врати на третиот и четвртиот кат од објектот.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување на директорот на Агенцијата, да донесе Одлука со која се одобруваат финансиски средства во износ од 26.695,00 денари (31.500,00 денари со вклучен ДДВ), за набавка со проценета вредност под вредносните прагови за примена на Законот за јавните набавки – за занаетчиски услуги: поправка на прозори (промена на механизми) и вградување на амортизери на вратите на III и IV спрат.

За реализирање на оваа услуга, средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2026 година.

**Точка 14**

Раководителката на Секторот за правни работи и јавни набавки, Цветанка Митревска, појасни дека станува збор за набавка на услуга – одржување на софтверот за системот за мониторирање на радио и телевизиски сервиси и надзор на ОЈЕКМ, која е предвидена во Годишниот план за јавни набавки, а средствата за нејзина реализација се обезбедени во Финансискиот план за 2026 година и ќе бидат дополнително предвидени во Финансискиот план за 2027 година. Наведе дека договорот кој ќе произлезе од постапката за јавна набавка ќе се склучи за период од две години. Согласно проценетата вредност, постапката ќе се спроведе како отворена постапка, со примена на одредбите од Законот за јавни набавки. Дополнително појасни дека постапката ќе започне со објавување на оглас на електронскиот систем за јавни набавки, во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и во Службеното гласило на Европската Унија. Истакна дека сите релевантни информации во врска со оваа точка се содржани во материјалите доставени до членовите на Советот.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување на директорот на Агенцијата, за спроведување на постапка за јавна набавка-услуга: одржување на софтверот на системот за мониторирање на радио и телевизиски сервиси и надзор на ОЈЕКМ.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот: одржување на хардвер на системот за мониторирање на радио и телевизиски сервиси и надзор на ОЈЕКМ, за период од 2 (две) години, е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2026 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2026 година, односно ќе бидат дообезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2027 година.

**Точка 15**

Раководителката на Секторот за правни работи и јавни набавки, Цветанка Митревска, појасни дека и оваа постапка за јавна набавка е предвидена во Годишниот план за јавни набавки, при што средствата за нејзина реализација се обезбедени во Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2026 година. Наведе дека договорот кој ќе произлезе од оваа постапка ќе се склучи за временски период од една година. Согласно проценетата вредност на набавката, истата ќе се спроведе како поедноставена отворена постапка, со примена на одредбите од Законот за јавни набавки кои се однесуваат на овој вид постапка. Дополнително, појасни дека постапката ќе започне со објавување на оглас на електронскиот систем за јавни набавки и во „Службен весник на Република Северна Македонија". Истакна дека сите релевантни информации се содржани во материјалите доставени за оваа седница.

Претседателот на Советот, м-р Сашо Стефановски, постави прашање дали оваа постапка се спроведува еднаш годишно.

Раководителката Митревска одговори потврдно, појаснувајќи дека договорот се склучува на период од една година.

Советничката Афрона Врзиволи постави прашање во однос на предвидените средства за оваа набавка.

Раководителката Митревска информираше дека за спроведување на постапката се предвидени средства во износ од 1.525.000,00 денари, без пресметан данок на додадена вредност.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка - услуга: одржување на хигиена во деловните простории на Агенцијата.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот-услуга: одржување на хигиената во деловните простории на Агенцијата, е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2026 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2026 година.

...

Претседателот на Советот, м-р Сашо Стефановски, констатираше дека седницата се прекинува и најави дека истата ќе продолжи со работа од точка 16 на наредното продолжение.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**претседател на Советот,**

**м-р Сашо Стефановски**